# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.158 од 15.11.2011 година)**

**Член 1**

Во Законот за државјанството на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 67/92, 8/2004 и 98/2008), во членот 21 став 4 зборовите: „поднесе жалба до надлежната комисија на Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „поведе управен спор пред Управниот суд“.

Ставот 5 се брише.

**Член 2**

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за државјанството на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 67/92, 8/2004 и 98/2008) до започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.